**С Т О П А Н С К А  Б А Н К А  А Д – С К О П Ј Е**

# О Д Л У К А

**за пренамена на задржаната добивка за инвестирање во добивка расположива за распределба на акционерите**

Скопје, мај 2023 година

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска банка АД – Скопје (С.О. бр. 438/31.05.2022 година, пречистен текст), Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје, на седницата одржана на 30.05.2023 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за пренамена на задржаната добивка за инвестирање во добивка расположива за распределба на акционерите**

1. Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје одобрува пренамена на неискористената задржана добивка за инвестирање во износ од денари 922.500.000,00 распределена со Одлука за распределба на добивката за 2021 година на Стопанска банка АД – Скопје (С.О. бр. 442 од 31.05.2022 година) во задржана добивка расположива за распределба на акционерите.

2. Добивката утврдена во точка 1 од оваа Одлука не се искористи за целта утврдена во член 2, втора алинеа од Одлуката за распределба на добивката за 2021 година на Стопанска банка АД – Скопје (С.О. бр. 442 од 31.05.2022 година) поради што Собранието на акционери ја пренаменува истата во задржана добивка расположива за распределба во иднина.

3. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

С.О. бр.______ **АКЦИОНЕРСКО СОБРАНИЕ**
30.05.2023 година Претседавач,

Скопје

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Стопанска банка АД - Скопје (СБ), со Одлука број С.О. 442 од 31.05.2022 година, изврши распределба на добивката за 2021 година, во износ од денари 2.465.955.632,00 во:

- Задржана добивка за инвестиции ограничена за распределба на акционерите во износ од денари 1.543.455.632,00 и
- Задржана добивка за инвестиции во износ од денари 922.500.000,00.

Задржаната добивка за инвестиции од втора алинеа - износ од денари 922.500.000,00 требаше да се искористи во развојни цели и инвестирање во материјални и нематеријални средства за проширување на основната дејност на Банката. Поради тоа што споменатиот износ од денари 922.500.000,00 не беше искористен за инвестирање во 2022 година, со оваа Одлука, Собранието на акционери врши пренамена од задржана добивка за инвестирање во задржана добивка расположива за распределба во иднина, врз основа на одлука од страна на Собранието на акционери. Овој износ на добивката нема да биде вклучен во сопствените средства на Банката и во пресметката на адекватноста на капиталот, и Банката соодветно ќе ја евидентира оваа Одлука во својата книговодствена евиденција.

Поради гореспоменатото, се предлага на Собранието на акционери на СБ да ја донесе Одлуката во прилог, како што е предложено.

Скопје, мај 2023 година